Наративен извештај за јули 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец јули 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта имаше интензивна агенда на активности, а сè со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година.

Во рамките на проектот Изградба и инсталација на електронскиот систем за наплата на патарина на Коридорот 10, Јавното претпријатие за државни патишта, заедно со Владата на Република Северна Македонија, го означија почетокот на работата на Оперативниот центар за наплата на патарина Петровец како дел од овој проект, при што Претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев, Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов се обратија до јавноста, со информација за овој проект кој опфаќа изградба на четири нови наплатни станици  (Романовце, Градско, Демир Капија и Гевгелија), реконструкција и модернизација на три постојни наплатни станици Петровец, Сопот и Отовица), инсталација на систем за електронска наплата на патарина, како и изградба на Оперативен центар – Петровец. Електронскиот систем за наплата на патарина е современ систем, дизајниран целосно да ги задоволи Европската Директива CEN 278 и EN 15509 стандардот за електронска наплата на патарина. Електронската наплата на патарина, во потполност ги задоволува критериумите за интероперабилност со системите за наплата на патарина во други

земји. Тоа значи дека со уредите за електронска наплата на патарина (ТАГ-ови) ќе може во иднина да се плаќа патарина во други земји со електронски системи за наплата на патарина.

Директорот Зоран Китанов оствари средба со тимот на Светска банка, при што тимот го разгледа напредокот на Проектот за рехабилитација на магистрални и регионални патишта, каде што посебен фокус беше ставен на градежните активности за рехабилитација и подобрување на "црните точки", за да се провери нивниот технички квалитет и придржување кон мерките за социјална и заштита на животна средина.

Јавното претпријатие за државни патишта заедно со Владата на Република Северна Македонија, одржа церемонија по повод официјалното пуштање во употреба на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, како еден од најзначајните патишта за развојот на државата и подобрување на животот на граѓаните. На церемонијата говореа Претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев, нејзината екселенција Амбасадор на Република Кина, Јин Лисјен, Заменик Претседателот на Владата на РСМ, Кочо Анѓушев, Министерот на транспорт и врски, Горан Сугарески, Претставник на градежната компанија Синохидро, Руиџун Џанк и Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов.

Директорот Зоран Китанов во своето излагање ја информира јавноста дека изградбата на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, започна на 2 Мај 2014 година, со предвидена вредност од 226,7 милиони евра и со предвиден рок на изградба од 3 години. Вкупната должина на автопатот изнесува 47 километри, а средствата се обезбедени од кинеската Ексим Банка. Тој потенцира дека најголемите активности беа извршени во текот на 2018 – та година, поточно 1/3 од преостанатите градежни работи беа завршени за една година. Исто така Директорот со гордост истакна дека од вредноста на основниот договорот која што требаше да изнесува 226.7 милиони евра, поради

домаќинско и правилно работење, Јавното претпријатие за државни патишта успеа да направи заштеда од 44 милиони евра (според анализата на Надзорот), односно беа реализирани 177,3 милиони евра или 78 проценти од предвидената сума, што е показател за успешно завршен проект.

Беше остварена средба меѓу Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта и Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд предводена од Jesmin Rahman и неговиот тим, на која се разговараше за приходите и расходите на претпријатието, инвестициските планови, задолжувањата, среднорочното сервисирање на долгови, проекциите, исплатите и амортизацискиот план.

Директорот Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески беа во посета на патната делницата Берово – Виница, на која што започнаа да се извршуваат градежни активности. Регионалниот пат Р1304 е со должина од 11 км., средствата се обезбедени од Светска Банка, а неговата вредност изнесува 1,9 милиони евра.

Од канцеларијата на Европска банка за обнова и развој, Јавното претпријатие за државни патишта беше известено, од страна на г-ѓата Anca Ioana Ionescu, која е Раководител на канцеларијата на ЕБОР во Северна Македонија, дека во посета ќе дојде новиот шеф на канцеларијата г-дин Andi Aranitasi, кој моментално работи како Помошник директор во Групацијата за одржлива инфраструктура на ЕБОР, со седиште во Софија, Р.Бугарија. Целта на посетата беше запознавање на двете страни, каде што се разговараше за агендата на ЕБОР во областа на политичките реформи и инвестиции.

Теренски увид беше направен од страна на Директорот на ЈПДП, Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и на регионалниот пат Р2344 делница Чашка – Лисиче,

каде што се изведуваат градежни активности и чија што реализација изнесува 50 проценти. Рехабилитацијата е во должина од 6км., во вредност од 50 милиони денари, средствата се обезбедени преку Јавното претпријатие за државни патишта.

Директорот Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески направија увид на Рехабилитација на магистралниот пат А2 делница Ранковце – Крива Паланка, каде што градежните активности се во тек. Магистралниот пат е со должина од 21 км., средствата се обезбедени преку заем од Европска банка за обнова и развој, а неговата вредност изнесува 2,6 милиони евра.

Теренски увид беше направен и на Рехабилитација на Регионалниот пат Р1209 Тетово – Попова Шапка, со должина од 18,2 км. и вредност од 2,3 милиони евра, а средствата се обезбедени преку заем од Светска Банка. На оваа делница градежните работи се во тек, започнато е со асфалтирање, се очекува истата да биде завршена во септември 2019 година.

Бројни состаноци беа одржани со компании, фирми, министерства, јавни претпријатија, како и средба со граѓани, како дел од секојдневните обврски и активности на работата на Директорот на ЈП за државни патишта.